РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09 - 949/2
03-03-2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 став 1 в.в член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), на 46 та седница одржана на ден 12.02.2021 година, донесе

## ОДЛУКА

Согласно член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси да се поведе постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог против службеното лице -----------, ---------- на РСМ, поради тоа што како сопственик управувал со трговско друштво ДПТУ --------------, со што е постапено спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, и казнив согласно член 105 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

## Образложение

Предметот со број 09-949/1 од 01.03.2021 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на редовна проверка на Образецот - Изјавите за интереси поднесена од --------------- ----------- РСМ, поради тоа што управувал како сопственик со трговско друштво ДПТУ ------------------, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Имено, согласно наведениот член:

*(1) Лице кое стапува на функција на **избрано** или именувано лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално, **доколку управува со трговско друштво** или установа како сопственик, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.*

На лицето --------- со Одлука за верификација на мандатот на ------------- на Република Северна Македонија бр.08-2362/1 од 04.08.2020 година му е верификуван мандатот во ------------- на РСМ. По проверка во Дистрибутивен систем на Централен Регистар на Република Северна Македонија на ден 12.02.2021 година е утврдено дека наведеното лице е управител со трговско друштво ДПТУ -------------

Врз основа на вака констатирана фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата, на седницата одржана на 12.02.2021 година, одлучи како во диспозитивот.

Врз основа на член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија на именуваното лице да му издаде и достави прекршочен платен налог за повреда на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1, алинеја 2 од истиот закон.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК:
Изработил: С.М – виш соработник

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk